фото: Ђ. Стефанов



фото: Ђ. Стефанов

ветрушка - *Falco tinnunculus*

Лесново

Осогово е интересно и од геолошки и геоморфолошки аспект. Овој планински масив е изграден од стари карпести маси и може да се подели на три дела: западен (кратовско–злетовски), централен и источен (руенското било). Во западниот дел кој во минатото бил подложен на вулкански влијанија можат да се забележат дваесетина еродирани вулкански купи, од кои четири се добро сочувани. Најкарактеристична е лесновската купа. Таа се наоѓа помеѓу Пробиштип и Злетово, а во неа е сместено селото Лесново. Над селото можат да се забележат неколку пртенесто распоредени сртови кои го претставуваат поранешниот кратер. Најмаркантен е северниот срт- Илин Крст (1127 m).

Од особено значење е културното наследство на овој локалитет. Манастирот Св. Гаврил Лесновски изграден во 1341 г. сведочи за историската и културна врска помеѓу природата и човекот. Со векови луѓето кои живееле во Лесново се занимавале со изработка на воденички камења. Иако денес овој занает е целосно напуштен, зачувувањето на белезите од оваа традиција е од исклучително значење за промовирање на културно-историските вредности и одлична алатка за остварување на туристичките потенцијали на регионот.

фото: Ђ. Стефанов

Лесновскиот крај е значаен и за билошката разновидност на Осогово и Македонија. Овде може да се сретне лесновскиот лопен (*Verbascum lesnovoensis*) кој претставува локален ендемит. Во дупките ископани од луѓето во минатото, може да се најдат различни видови лилјаци и пајаци, а на стрмните отсеци гнездат неколку видови птици.

Раткова Скала

Поради забавеното всекување на Шталковичка Река, долинските страни кај с. Ратковица претставуваат големи, скалесто наредени, карпести отсеци заради што самата месност се нарекува Раткова Скала. Интересниот изглед на овој локалитет инспирирал легенди и приказни кои и денеска се раскажуваат од локалното население. Раткова Скала заедно со Орлов Камен е еден од најрепрезентативните карпести предели на Осогово, каде можат да се сретнат типично карпести растенија како што е црвената чуваркуќа (*Sempervivum erythraeum*) која кај нас ја има уште само на Беласица. Тука гнездат неколку интересни видови птици (еребица камењарка, египетски мршојадец, сив сокол, лисест глувчар, црн штрк). Раткова Скала беше еден од последните локалитети каде гнездеше црниот мршојадец во Македонија.

фото: Ђ. Стефанов



фото: Ђ. Стефанов

црн штрк - *Ciconia nigra*

Високите врвови на Осогово

Осогово припаѓа во групата на високи планини во Република Македонија бидејќи има 6 врвови кои се издигаат над 2000 м.н.в. Највисокиот врв Руен (2252 м.н.в.) се наоѓа на самата граница со Бугарија, додека во централниот дел на масивот доминира Царев Врв или Султан Тепе (2085 м.н.в.) Други високи врвови се: Мал Руен (2206 м.н.в.), Калин Камен (2043 м.н.в.), Сокол (2038 м.н.в.) и Петрово Брдо (2013 м.н.в.).

фото: Ђ. Стефанов

фото: Ђ. Стефанов

фото: Ђ. Стефанов

живородна гуштерица - *Zootoca vivipara*

Во високопланинскиот дел, околу врвовите, се развиле пасишта со неколку заедници тревеста вегетација која во последните децении е видно изменета поради напуштање на сточарските активности.

Вриштините (заедници со мали грмушести растенија) зафаќаат огромни површини над шумскиот појас. Вриштините се главно сочинети од два вида боровинки (*Vaccinium myrtillus* и *V. uliginosum*) придружувани од други мали грмушести растенија.

Планински тресетишта во Македонија има малку. Затоа, еден од најпечатливите белези на високите делови на Осогово се големите тресетишта кои се развиваат во изворишните делови на реките. Најголеми површини со тресетишта се наоѓаат кај Слана Бара под Султан Тепе.

фото: Ђ. Стефанов

Реки

Речната мрежа на Осоговските Планини е добро развиена. Главен хидрографски јазол е врвот Руен од кого кон исток се формираат притоките на Струма, а кон запад притоките на Вардар. Покрај него, многу значајна положба има и Царев Врв, кој е хидрографски јазол на поголемите водотеци на македонската страна од масивот: Крива, Злетовска, Кочанска, Оризарска и Каменичка Река.

Горниот тек на **Злетовска Река** се наоѓа помеѓу вливот на нејзините леви притоки: Емиричка Река и Ештерец. Овој локалитет е значаен поради длабоко всечената речна долина со клисурест, а на места и кањонски изглед. Овде се присутни повеќе брзаци, слапови и водопади, од кои најголемиот (кај вливот на Јамишка Река) е висок 12 m. На неговото дно има циновски лонец, длабок околу 3 m. Некои водопади се скалесто наредени во вид на слапови - таков е повременото слап на Куновска Река, со вкупна висинска разлика од околу 250 m.

Освен за водните организми реките се значајни и за крајречните растителни заедници. Крајречните шуми со евла и бел јасен многу често се испреплетуваат со појасите од евла, врба и топола. Во реките се развиваат повеќе инсекти од редовите на еднодневките, водните молци и пролетниците. Некои од нив се ендемични за Осогово или пошироко, за Балканскиот Полуостров. Досега се познати 11 видови риби: белвичка, тврда мрена, мека мрена, караш, бојник, крап, кркушка, клен, чергур, црвеноперка и попадика.

фото: Ђ. Стефанов

Црвена Река е дел од сливот на Каменичка Река. Главна карактеристика е што шумите имаат природен изглед (речиси девствен) и присуството на многу ретки (единствени наоѓалишта во Македонија) видови папрати како што се: *Dryopteris carthusiana, Dryopteris borreri, Lycopodium clavatum*.

Станечкиот Водопад се наоѓа во северниот дел на Осоговските Планини на Козја Река (1160 м.н.в.), кај с. Станци. Неговата вкупна височина изнесува 14 m и е најголем постојан водопад на Осоговските Планини. Водопадот се наоѓа во густа букова шума и протекува низ огромни карпести блокови што му дава посебна убавина.

фото: Ђ. Стефанов

фото: Љ. Стефанов



фото: Д. Антанасова

Шуми и вековни дрвја на Осогово

Шумите на Осоговските Планини, кои се достапни и проодни во скоро сите нејзини делови, одамна биле под силно влијание од човекот. Јужните падини на Осогово се претворени во пасишта, а дел од површините кои некогаш биле природно покриени со шума, денес се заменети со борови насади. Сепак, во некои не толку пристапни делови на Осогово сè уште се присутни добро сочувани шуми. Близу с. Јастребник на локалитетот Рајети се наоѓа една од подобро сочувани горунови шуми во Македонија. Дел од зачуваните плоскачеви шуми се среќаваат кај Цера, Пресека и Дулица-Сива Кобила. Добро сочувани букови шуми може да се забележат во течението на Црвена Река и Емиричка Река.

фото: А. Ванчоски

Од големо значење за локалните жители се поединечните вековни стебла кои сведочат за дамнешните пространи осоговски шуми. Такви стебла се водниот габер во с. Јастребник, стариот даб кај с. Бели, с. Живалево и боровите во Кратово. Најголем непријател кој силно може да ја наруши поволната состојба на шумите се бесправните сечи, пожарите, слечилиштата и површинските копови.

црн клукајдрвец - *Dryocopus martius*

фото: Љ. Стефанов

фото: Љ. Стефанов

обичен тритон - *Triturus vulgaris*

Кундинско Езеро

Кундинското Езеро е мало природно езеро кое се наоѓа 1 km североисточно од селото Кундино кај Пробиштип (1297 м.н.в.). По прокопување на одводен канал во 70-тите години од минатиот век езерото е речиси целосно уништено и денес тоа има повремен карактер и повеќе наликува на блато, со бујна вегетација од трска и шавар. За време на интензивни врнежи, најголемата длабочина му изнесува до 3 m. Езерото добива вода речиси исклучиво од атмосферски врнежи од неговото сливно подрачје, а ја губи преку истекување од споменатиот канал и со испарување. Кундинското Езеро изобилува со различни видови од флората и фауната. Покрај водните растенија, во езерото живеат повеќе видови водоземци, вилини коњчиња и други водни инсекти.

фото: Љ. Стефанов

црвено вилино коњче - *Crocothemis erythraea*

фото: Љ. Стефанов

воден штавеј - *Polygonum amphibium*

фото: Љ. Стефанов

фото на насловната страна: Љ. Стефанов



- населено место
- значаен локалитет
- граница на Осогово
- државна граница

Осогово ги исполнува сите критериуми за заштитено подрачје и од природен и од социо-економски аспект. Сепак, од интересот (желбата) на населението ќе зависи дали Осогово ќе ги ужива сите бенефити на едно заштитено подрачје!

Законот за заштита на природата пропишува различни категории на заштитени подрачја. Тоа дава можност за одредување на соодветен тип на заштита во зависност од карактеристиките и потребите на пределот. Токму затоа, проектот „Осоговските Планини во балканскиот зелен појас" е насочен кон одредувањеи на природните, но и социо-економските потенцијали на осоговскиот регион со цел да се изнајдат соодветни мерки кои би придонеле за заштита на природните вредности и одржлив економски развој.

Изработката на овој лифлет е финансиски поддржана од: